2018

МРТ

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Примено: 13 07 2018
05 4360/1

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.04 - 30.06.2018Г

II Квартал

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ........ 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2018 година ........ 3

II. ПРИХОДИ ........ 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2018 ГОДИНА ........ 5

III. ТРОШОЦИ - ПРЕГЛЕД ........ 6

Трошоци за вработените ........ 6
Патни и транспортни трошоци ........ 7
Заеднички трошоци ........ 7
Програмски права ........ 8
Останати трошоци од работење ........ 9
Инвестиции ........ 9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2018 ГОДИНА ........ 10

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2018г. ........ 15

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2018 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ........ 15

1. Побарувања од купувачите во земјата ........ 15
2. Побарувања од купувачите во странство ........ 16

VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2018 ГОДИНА ........ 17

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2018 ГОДИНА ........ 18

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во рамки на радиодифузијата во Република Македонија која опфаќа производство и емитување на радио и телевизиски програми од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во второто тримесечје од 2018 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 239.397.222 денари и расходи во износ од 212.162.928 денари, при што е остварен позитивен финансиски резултат од 27.234.294 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2018 година**

| ОПИС | Остварување 01.04.-30.06.2017г. | | Финансиски план 2018г | | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **257,325,957** | **100.0** | **999,050,000** | **100.0** | **239,397,222** | **100.0** | **93.0** | **24.0** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **219,334,563** | **85.2** | **918,200,000** | **91.9** | **212,162,928** | **88.6** | **96.7** | **23.1** |
| Трошоци за вработени | 99,218,588 | 38.6 | 394,149,000 | 39.5 | 93,599,892 | 39.1 | 94.3 | 23.7 |
| Патни трошоци | 2,109,424 | 0.8 | 8,715,000 | 0.9 | 1,314,064 | 0.5 | 62.3 | 15.1 |
| Заеднички трошоци | 50,179,667 | 19.5 | 252,999,000 | 25.3 | 57,512,327 | 24.0 | 114.6 | 22.7 |
| Програмски права | 57,907,557 | 22.5 | 174,341,000 | 17.5 | 49,558,998 | 20.7 | 85.6 | 28.4 |
| Останати трошоци од работење | 9,919,327 | 3.9 | 87,996,000 | 8.8 | 10,177,647 | 4.3 | 102.6 | 11.6 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **37,991,394** | **14.8** | **80,850,000** | **8.1** | **27,234,294** | **11.4** | **71.7** | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | | | |
| Набавка на опрема | 727,824 | | 22,000,000 | | 0 | | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно** | **727,824** | | **22,000,000** | | **0** | | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ И ИНВЕСТИЦИИ** | **220,062,387** | | **940,200,000** | | **212,162,928** | | **96.4** | **22.6** |

## II. ПРИХОДИ

Во периодот 04-06 месец 2018 година реализирани се приходи во износ од 239.397.222 денари.

Како ставка со највисоко учество во вкупниот приход, или учество од 92,6%, се јавува приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои, по Одлука на Владата на Република Македонија, МРТ ги добива од Буџетот на РМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период по овој основ остварени се вкупно 221.637.500 денари.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 43.688 денари што е реализација од 2,9% во однос на планираните приходи за 2018 година за оваа намена.

Приходот од услуги во земјата и странство (технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) остварен е во вкупен износ од 383.590 денари или 0,16% од вкупно планираните приходи за 2018 година.

Ставката останати деловни приходи бележи реализација во износ од 11.167.751 денар или остварување од 37,2% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати како и приходи од укинување на долгорочни резервирања по однос на судска постапка со ММИ. Имено, со ММИ како доверител постигнат е договор за исплата на главниот долг и трошоци во постапка без надомест на трошоци за камата. Во вкупно остварените приходи за второто тримесечје од 2018 година овие приходи учествуваат со 4,7 %.

Приходот од Министерство за култура, согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција, изнесува 4.793.200 денари или 2 % од вкупно остварените приходи во вториот квартал од 2018 година, средства кои се наменети за исплата на реализирани квартални конкурси од изминатиот период. Во меѓувреме со Указ на Собранието на РМ (сл.весник 64/18) престана да важи Законот за поддршка на домашната музичка продукција а со тоа МРТ веќе нема обрска да презема активности поврзани со овој Закон.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во второто тримесечје од 2018 година е остварен во износ од 1.371.493 денари што е реализација од 4,2% на планираните средства во Финансискиот план за 2018 година за оваа намена, а неговото учеството во вкупните остварени приходи изнесува 0,6%.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2018 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.04-30.06.2017г | Планирани приходи за 2018 г. | Остварени приходи 01.04-30.06.2018г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирањ на радиодифузна дејност | 0 | 886,550,000 | 221,637,500 | 0,0 | 25.0 | 92.6 |
| Радиодифузна такса | 182,306,370 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 | 0.0 |
| Закупнини | 98,420 | 1,500,000 | 43,688 | 44.4 | 2.9 | 0.0 |
| Приходи од Влада на РМ согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 60,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 | 0.0 |
| Приходи од земјата (технички услуги,отстапени права и сл.) | 1,091,058 | 4,000,000 | 346,796 | 31.8 | 8.7 | 0.1 |
| Приходи од странство (технички услуги,отстапени права и сл.) | 688,991 | 2,000,000 | 36,794 | 5.3 | 1.8 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( прих.од камати, позитивни курсни разлики,отпиш.обврс.,прих.од минати год., приходи од укинување на долгорочни резервирања),дополнително утврдени приходи од претходни години | 1,543,218 | 30,000,000 | 11,167,751 | 723.7 | 37.2 | 4.7 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0 | 4,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција | 7,064,080 | 32,000,000 | 4,793,200 | 67.9 | 15.0 | 2.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 4,533,820 | 33,000,000 | 1,371,493 | 30.3 | 4.2 | 0.6 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 6,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **257,325,957** | **999,050,000** | **239,397,222** | **93.0** | **24.0** | **7.4** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот април - јуни 2018 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 212.162.928 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2018 година претставува реализација од 23,1%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04-30.06.2018 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 99,218,588 | 394,149,000 | 93,599,892 | 94.3 | 23.7 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 2,109,424 | 8,715,000 | 1,314,064 | 62.3 | 15.1 |
| Заеднички трошоци | 50,179,667 | 252,999,000 | 57,512,327 | 114.6 | 22.7 |
| Програмски права | 57,907,557 | 174,341,000 | 49,558,998 | 85.6 | 28.4 |
| Останати трошоци од работење | 9,919,327 | 87,996,000 | 10,177,647 | 102.6 | 11.6 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **219,334,563** | **918,200,000** | **212,162,928** | **96.7** | **23.1** |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 727,824 | 22,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **727,824** | **22,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **220,062,387** | **940,200,000** | **212,162,928** | **96.4** | **22.6** |

## Трошоци за вработените

Трошоците за вработени во второто тримесечје од 2018 година се остварени во вкупен износ од 93.599.892 денари или 23,7% од средствата планирани за оваа намена. Трошоците за бруто плата изнесуваат 93.317.000 денари. За вработените кои оствариле право на старосна пензија реализирани се трошоци во износ од 231.580 денари а за други лични примања за исплатена парична помош на вработените во случај на боледување подолго од шест месеци, смрт на вработен или на член на потесно семејство и слично реализирани се трошоци во износ од 46.852 денари. За едукација на вработените (разни видови обуки, семинари и сл.) реализирани се трошоци во износ од 4.460 денари. Просечната нето плата по работник за периодот 04-06 месец 2018 година изнесува 25.563 денари.

## Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 1.314.064 денари и истата е реализирана со 15,1% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2018 година за оваа намена.

Во групата на патни трошоци спаѓаат трошоците за дневници и ноќевања за службени патувања на новинари и сниматели во земјата и странство реализирани за исполнување на програмските цели и истите изнесуваат вкупно 1.083.172 денари. Овие трошоци, во анализираниот период, се однесуваат на патувањата на екипи на МРТ на следните дестинации: Лондон, Тел Авив и Амстердам – промоција на Македонската песна претставник на Евросонг 2018 година, Лисабон – учество на Евросонг 2018 година, Белград – учество на меморијален турнир организиран од РТС, Софија – меѓународна конференција за земјоделство и храна како и следење на македонско бугарска книжевна средба, Приштина – техничка проба за заедничкиот проект Радио мост, Лондон – следење на концертот на Симон Трпчевски, Турција – учество на Денови на ТРТ, снимање на репортажи како и учество на медитеранска конференција, Лозана – следење на редовно годишно Епархиско собрание на МПЦ за Европа, Будимпешта и Келн – следење на завршен турнир во Лига на шампоиони во ракомет (мажи и жени), Рим – известување од посетата на Владина делегација на манифестацијата Македонија во чест на Свети Кирил и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РМ.

## Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во овој период е остварена во вкупен износ од 57.512.327 денари што е реализација од 22,7% на финансискиот план за 2018 година за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за електричен и технички материјал со вкупно остварување од 123.710 денари, трошоци за канцелариски материјали во износ од 122.830 денари, трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен износ од 3.115.853 денари, телефонските трошоци и интернет во вкупен износ од 202.172 денари. За пренос и емитување на емисии и настани од разни области на програмите на МРТ користени се аудио и видео линии за кои е остварен трошок во износ од 4.914.391 денар. Реализација во рамките на планираната за 2018 година бележат трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 265.436 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 336.291 денар, за одржување на ВЕБ страната на МРТ 196.976 денари како и трошоците за комунални услуги во вкупен износ од 257.687 денари. Трошоците за осигурување

на објектите и опремата во МРТ реализирани се во износ од 1.206.069 денари, а трошоци за амортизација на основни средства пресметани овој период изнесуваат 15.629.270 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет реализирани се трошоци во износ 1.526.790 денари кои се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ. Трошоците за банкарските услуги изнесуваат 184.821 денар а трошоците за даноци бележат остварување во вкупен износ од 1.502.196 денари и истите произлегуваат од платниот промет со странство поради плаќање на обврски по договори со странски комитенти за откуп на права за спортска програма, филмови и други видови соработка. Трошоците за камати од работење и затезни камати кои се остварени во износ од 16.985.184 денари, се однесуваат на трошоци по основ на стари долгови за кои се склучени спогодби за одложено плаќање на обврските по договори склучени во минати години како и камати за кредити од комерцијални банки. Дополнително утврдените расходи од минати години остварени со износ од 8.813.159 денари односно опфаќаат расходи по фактури од минати години произлезени од задоцнето фактурирање од страна на комитентите по разни основи.

## Програмски права

Програмските права се остварени во вкупен износ од 49.558.998 денари, што претставува 28.4% реализација на планот за 2018 година за оваа намена.

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 45.027.621 денар и истата се однесува на реализирани договори за откуп на права за пренос на Светското првенство во фудбал во Русија, откуп на права за пренос на Светски куп 2018 година, права за пренос за ракометни натпревари во Лигата на шампиони-сезона 2017-2018 година и слично.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 4.072.107 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на македонски документарни филмови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, забавно-контактни емисии, серијали како “Незаборавено лето во заборавено село”, образовни емисии како “Добра земја”, детски емисии како “Супер ѕвезда” и друго.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 459.270 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за размена на вести односно координација на радио вести и радио спорт како и откуп на права за емитување на Виенски концерт.

**Останати трошоци од работење**

Оваа група на трошоци се остварена во вкупен износ од 10.177.647 денари и истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 942.251 денар, трошоци за интелектуални услуги кои опфаќаат превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма, а кои се реализирани во износ од 422.295 денари, потоа трошоци во износ од 971.376 денари остварени за ревизија на финансиски извештаи. Подготовките околу организацијата и реализирање на проектот Песна на Евровизија (Евросонг 2018), кои се одвиваат во првото полугодие во 2018 година, во второто тримесечие од годината бележат остварување во износ од 4.818.630 денари. За надоместок за членувањето на МРТ во меѓународни радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ и слично, реализирани се трошоци во износ од 2.480.698 денари.

**Инвестиции**

Со Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година за реализација на инвестициони активности планирани се вкупно 22.000.000 денари но во анализираниот период (април- јуни 2018 година) нема реализација на започнатите постапки за јавни набавки односно истите се во тек.

# АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2018 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.- 30.06.2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување 01.04.- 30.06.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 97,259,150 | 392,000,000 | 93,317,000 | 95.9 | 23.8 |
| Отпремнина за одење во пензија | 0 | 1,500,000 | 231,580 | 0,0 | 15.4 |
| Други примања (теренски додаток) | 1,707,272 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 151,366 | 299,000 | 46,852 | 31.0 | 15.7 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 100,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 100,800 | 250,000 | 4,460 | 4.4 | 1.8 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **99,218,588** | **394,149,000** | **93,599,892** | **94.3** | **23.7** |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 150,830 | 1,500,000 | 253,200 | 167.9 | 16.9 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 1,322,440 | 3,820,000 | 829,972 | 62.8 | 21.7 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 270 | 100,000 | 4,280 | 1,585.2 | 4.3 |
| Превоз за службени патувања во странство | 333,329 | 1,864,000 | 174,950 | 52.5 | 9.4 |
| Сопствено возило за службени потреби | 22,874 | 166,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 55,129 | 333,000 | 51,570 | 93.5 | 15.5 |
| **Вкупно 2** | **1,884,872** | **7,783,000** | **1,313,972** | **69.7** | **16.9** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 224,552 | 932,000 | 92 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **224,552** | **932,000** | **92** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **2,109,424** | **8,715,000** | **1,314,064** | **62.3** | **15.1** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 210,591 | 1,262,000 | 20,107 | 9.5 | 1.6 |
| Технички материјал | 318,560 | 1,264,000 | 103,603 | 32.5 | 8.2 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 200,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Материјал за реквизита | 0 | 50,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 50,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 34,297 | 286,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 351,227 | 1,097,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **914,675** | **4,209,000** | **123,710** | **13.5** | **2.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 190,987 | 1,762,000 | 122,830 | 64.3 | 7.0 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 0 | 250,000 | 8,326 | 0,0 | 3.3 |
| Други потрошни материјали | 0 | 10,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 449,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **190,987** | **2,471,000** | **131,156** | **68.7** | **5.3** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 1,710,511 | 16,660,000 | 1,523,423 | 89.1 | 9.1 |
| Трошоци за топлотна енергија | 1,175,948 | 17,320,000 | 1,019,904 | 86.7 | 5.9 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 615,477 | 3,660,000 | 572,526 | 93.0 | 15.6 |
| Останати трошоци за користење енергија (мерење на потрошувачка на електрична енергија и сл.) | 0 | 300,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| **Вкупно 6** | **3,501,936** | **37,940,000** | **3,115,853** | **89.0** | **8.2** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 162,775 | 866,000 | 51,096 | 31.4 | 5.9 |
| **Вкупно 7** | **162,775** | **866,000** | **51,096** | **31.4** | **5.9** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни линии | 112,814 | 700,000 | 29,040 | 25.7 | 4.1 |
| Телефонски трошоци-мобилни линии | 512,875 | 2,264,000 | 163,536 | 31.9 | 7.2 |
| Трошоци за интернет | 106,146 | 400,000 | 9,596 | 9.0 | 2.4 |
| Поштарина | 58,122 | 333,000 | 33,381 | 57.4 | 10.0 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 5,417,836 | 14,000,000 | 4,914,391 | 90.7 | 35.1 |
| **Вкупно 8** | **6,207,793** | **17,697,000** | **5,149,944** | **83.0** | **29.1** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 1,100,598 | 4,000,000 | 336,291 | 30.6 | 8.4 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 0 | 3,160,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 107,380 | 11,620,000 | 57,560 | 53.6 | 0.5 |
| Одржување на возила | 417,359 | 2,830,000 | 6,028 | 1.4 | 0.2 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 23,601 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Други услуги за одржување | 0 | 20,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 273,701 | 1,064,000 | 196,976 | 72.0 | 18.5 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 725,368 | 3,660,000 | 265,436 | 36.6 | 7.3 |
| **Вкупно 9** | **2,648,007** | **26,454,000** | **862,291** | **32.6** | **3.3** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,470 | 40,000 | 850 | 57.8 | 2.1 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 300,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,339 | 983,000 | 203,139 | 98.0 | 20.7 |
| Трошоци за вода | 130,364 | 3,092,000 | 53,698 | 41.2 | 1.7 |
| **Вкупно 10** | **339,173** | **4,415,000** | **257,687** | **76.0** | **5.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 34,744 | 133,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 155,619 | 550,000 | 46,456 | 29.9 | 8.4 |
| Трошоци за регистрација на возила, полнимоштва и друго | 48,747 | 400,000 | 86,609 | 177.7 | 21.7 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 10,680 | 183,000 | 2,160 | 20.2 | 1.2 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати и сл.) | 0 | 750,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 0 | 20,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 9,664 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **259,454** | **2,066,000** | **135,225** | **52.1** | **6.5** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 16,496,050 | 68,000,000 | 15,629,270 | 94.7 | 23.0 |
| **Вкупно 12** | **16,496,050** | **68,000,000** | **15,629,270** | **94.7** | **23.0** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 0 | 21,000,000 | | 0,0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **21,000,000** | **0** | **0,0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 308,559 | 566,000 | 33,341 | 10.8 | 5.9 |
| **Вкупно 14** | **308,559** | **666,000** | **33,341** | **10.8** | **5.0** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 107,209 | 2,700,000 | 1,206,069 | 1,125.0 | 44.7 |
| **Вкупно 15** | **107,209** | **2,700,000** | **1,206,069** | **1,125.0** | **44.7** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 92,698 | 900,000 | 184,821 | 199.4 | 20.5 |
| **Вкупно 16** | **92,698** | **910,000** | **184,821** | **199.4** | **20.3** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 54,735 | 150,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елабораи и друго | 0 | 150,000 | | 0,0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 233,000 | 720 | 0,0 | 0.3 |
| **Вкупно 17** | **54,735** | **533,000** | **720** | **1.3** | **0.1** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 651,794 | 4,830,000 | 1,526,790 | 234.2 | 31.6 |
| **Вкупно 18** | **651,794** | **4,830,000** | **1,526,790** | **234.2** | **31.6** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 1,249,001 | 4,000,000 | 1,502,198 | 120.3 | 37.6 |
| Судски трошоци и административни такси | 57,026 | 932,000 | 17,808 | 31.2 | 1.9 |
| Останати трошоци од работење (услуги за користење на uplink антена - сателитски провајдер и друго) | 0 | 250,000 | 14,000 | 0,0 | 5.6 |
| **Вкупно 19** | **1,306,027** | **5,182,000** | **1,534,006** | **117.5** | **29.6** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 300,000 | 157,398 | 0,0 | 52.5 |
| **Вкупно 20** | **0** | **300,000** | **157,398** | **0,0** | **52.5** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 1,601,032 | 16,600,000 | 8,813,159 | 550.5 | 53.1 |
| **Вкупно 21** | **1,601,032** | **16,600,000** | **8,813,159** | **550.5** | **53.1** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 12,937,700 | 32,500,000 | 16,985,184 | 131.3 | 52.3 |
| **Вкупно 22** | **12,937,700** | **32,500,000** | **16,985,184** | **131.3** | **52.3** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 2,399,063 | 3,660,000 | 1,614,607 | 67.3 | 44.1 |
| **Вкупно 23** | **2,399,063** | **3,660,000** | **1,614,607** | **67.3** | **44.1** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **50,179,667** | **252,999,000** | **57,512,327** | **114.6** | **22.7** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***24)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 4,223,234 | 32,860,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати програмски права | 1,564,798 | 9,320,000 | 459,270 | 29.4 | 4.9 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 162,719 | 821,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 18,473,367 | 67,000,000 | 45,027,621 | 243.7 | 67.2 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 2,774,277 | 16,960,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 30,709,162 | 44,880,000 | 4,072,107 | 13.3 | 9.1 |
| **Вкупно 24-програмски права** | **57,907,557** | **174,341,000** | **49,558,998** | **85.6** | **28.4** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | |
| Наем на недвижности за дописници во странство | 1,327,470 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 93,008 | 300,000 | 56,875 | 61.2 | 19.0 |
| **Вкупно 25** | **1,420,478** | **300,000** | **56,875** | **4.0** | **19.0** |
| ***26)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 49,744 | 532,000 | 71,107 | 142.9 | 13.4 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 971,376 | 0,0 | 97.1 |
| Услуги за вештачење | 9,440 | 200,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Носачи на аудио и видео материјал - промотивни материјали | 7,154 | 300,000 | 30,900 | 431.9 | 10.3 |
| Услуги за рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 619,500 | 2,500,000 | | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2017г. | Финансиски план 2018г | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Технички услуги | 987,102 | 7,320,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 890,193 | 1,962,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 467,737 | 3,160,000 | 422,295 | 90.3 | 13.4 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 100,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 2,054,511 | 11,000,000 | 942,251 | 45.9 | 8.6 |
| Договори за изведувачи по основ на Закон за поддршка на домашна музичка продукција | 0 | 32,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Трошоци за проект Евровизија | 517,134 | 7,000,000 | 4,818,630 | 931.8 | 68.8 |
| Трошоци за судски извршители | 265,049 | 1,592,000 | 332,576 | 125.5 | 20.9 |
| **Вкупно 26** | **5,867,564** | **68,666,000** | **7,589,135** | **129.3** | **11.1** |
| ***27)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 2,571,353 | 9,330,000 | 2,480,698 | 96.5 | 26.6 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 4,450 | 0,0 | 1.5 |
| Останати услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 23,940 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП,ММИ) | 0 | 8,500,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **2,595,293** | **18,230,000** | **2,485,148** | **95.8** | **13.6** |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 35,992 | 800,000 | 46,489 | 129.2 | 5.8 |
| **Вкупно 28** | **35,992** | **800,000** | **46,489** | **129.2** | **5.8** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **9,919,327** | **87,996,000** | **10,177,647** | **102.6** | **11.6** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **219,334,563** | **918,200,000** | **212,162,928** | **96.7** | **23.1** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 727,824 | 22,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **727,824** | **22,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **220,062,387** | **940,200,000** | **212,162,928** | **96.4** | **22.6** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2018г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 30.06.2018 година изнесува:

- Комерцијална банка 344.338 денари
- Халк банка 77.490 денари
- Тутунска банка 36.826 денари
- Стопанска банка 61.407 денари
- Шпаркасе банка 1.340 денари
- Еуростандард банка 10.788 денари
- Силк роуд банка 9.466 денари
- Прокредит банка 112 денари

***Вкупно на сметки : 541.767 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2018 година изнесува:**

- Комерцијална банка 8.891 ЕУР

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2018 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.06.2018 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 30.06.2018 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,143,799,792 | 2,117,051,767 | 98.8 |
| Побарувања од купувачите во странство | 43,056,853 | 39,111,046 | 90.8 |
| Вкупно: | 2,186,856,645 | 2,156,162,813 | 98.6 |

### 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 30.06.2018 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,090,586,418 | 2,065,669,910 | 98.8 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 53,213,374 | 51,381,857 | 96.6 |
| **Вкупно:** | **2,143,799,792** | **2,117,051,767** | **98.8** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 30.06.2018 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувња по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,080,665,582 | 2,057,176,496 | 98.9 |
| - радио и телевизиски реклами | 7,848,463 | 6,970,108 | 88.8 |
| - радио и телевизиски услуги | 2,908 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 137,349 | 123,612 | 90.0 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (за парно, вода, струја) | 1,932,116 | 1,399,694 | 72.4 |
| - останати побарувања (фестивали и спонзорства) | 0 | 0 | #DIV/0! |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 53,213,374 | 51,381,857 | 96.6 |
| **Вкупно:** | **2,143,799,792** | **2,117,051,767** | **98.8** |

## 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.06.2017 година изнесуваат вкупно 39.111.046 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 30.06.2018 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство ( тужени побарувања од отстапени права ) | 36,512,931 | 34,950,884 | 95.7 |
| - ТВ услуги | 540,037 | 540,073 | 100.0 |
| - технички услуги | 2,870,275 | 2,854,146 | 99.4 |
| - побарувања од закупнини | 16,785 | 16,786 | 100.0 |
| - отстапени права | 2,748,837 | 382,490 | 13.9 |
| - фестивали во странство | 115,446 | 115,032 | 99.6 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 252,542 | 251,635 | 99.6 |
| **Вкупно:** | **43,056,853** | **39,111,046** | **90.8** |

## VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2018 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2017 год. | состојба на 30.06.2018год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **905,982,306** | **697,071,698** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 237,143,167 | 155,882,599 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 108,706,102 | 63,917,882 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 1,506,745 | 1,640,376 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ и ДД) придонеси и др.давачки | 193,592,294 | 175,163,500 |
| Обврски спрема вработените | 21,497,766 | 20,488,745 |
| Обврски за авторски договори | 6,019,532 | 1,363,433 |
| Краткорочни обврски (Лондонски и Париски клуб) | 191,960,476 | 191,825,429 |
| Останати краткорочни обврски | 577,695 | 561,246 |
| Краткорочни обврски и кредити од комерцијални банки | 60,923,916 | 27,744,509 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 84,054,613 | 58,483,979 |
| **Долгорочни обврски** | **313,253,253** | **313,253,253** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 24,841,975 | 24,841,975 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ | 2,731,540 | 2,731,540 |
| Долгорочни кредити и заеми | 285,679,738 | 285,679,738 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **1,219,235,559** | **1,010,324,951** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.06.2018 година изнесуваат **1.010.324.951** денар и истите се намалени за **208.910.608** денари во однос на состојбата на 31.12.2017 година. Краткорочните обврски доспеваат во текот на 2018 година и истите редовно се сервисираат на месечно ниво.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2018 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.06.2018 год. изнесува вкупно 825 лица, што е помалку за 11 лица во однос на состојбата на 31.03.2018 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2018 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2018 | 0 | 29 | 344 | 24 | 391 | 1 | 32 | 15 | 836 | |
| 30.06.2018 | 0 | 28 | 340 | 24 | 385 | 1 | 32 | 15 | 825 | -11 |
| структура 30.06.2018 г.(%) | 0.0 | 3.4 | 41.2 | 2.9 | 46.7 | 0.1 | 3.9 | 1.8 | 100.0 | -1.3 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2018 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2018 | 602 | 153 | 31 | 27 | 8 | 4 | 5 | 3 | 3 | 836 | |
| 30.06.2018 | 593 | 153 | 31 | 26 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 825 | -11 |
| структура 30.06.2018 г.(%) | 71.9 | 18.5 | 3.8 | 3.2 | 1.0 | 0.5 | 0.5 | 0.4 | 0.4 | 100.0 | -1.3 |

Во текот на периодот април - јуни 2018 година во МРТ нема нововработени лица.

Во истиот период 1 новинар со ВСС е вратен на работа по мирување на работниот однос, а на вкупно 12 лица им е прекинат договорот за вработување по повеќе основи, и тоа: со стекнување на правото на пензија 7 лица, од кои, 1 раководител на одд. со ВСС, 1 референт со ССС, 1 инженер со ВСС, 1 сниматeл-камерман со ССС, 1 документатор со ВСС, 1 лектор со ВСС и 1 техничар со ССС; на 1 ИТ инженер (м-р) договорот за вработување му е прекинат поради склучување на спогодба за вработување без јавен оглас преку трајно преземање од друга организација; на 1 сниматeл-камерман со ССС и на 1 оператор на графички системи со ССС со спогодбено раскинување на договорот за вработување, додека, пак, на 1 сниматeл-камерман со ССС и на 1 графички дизајнер со ВСС договорот за вработување им е прекинат поради одобрување на отсуство од работа без надомест на плата во времетраење од 3 месеци. Дополнително, во месец јуни 2018 година, на 1 новинар со ВСС кој користеше неплатено отсуство од работа во времетраење од 3 месеци, од страна на МРТ му е прекинат договорот за вработување поради непојавување на своето работно место три последователни работни дена по истекот на неплатениот период.

Скопје, Јули 2018 година

Одобрил

Директор на ЗФ и администрација
Горан Атанасов

Директор на ЈРП МРТ
Марјан Цветковски

Изработил: В. Димеска
Согласен: С.Николовска